БАС
Бизнис Академија Смилевски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ-БАС
Бр. 0204-223/1
06.09 2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 од Статутот на Бизнис академија Смилевски - БАС, а во врска со член 8 став 1, 2 и 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на Р. Македонија бр. 13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15 и 55/16), в.д. Генералниот менаџер на Академијата на ден 06.09.2017 година ја донесе следнава

# ОДЛУКА

## за определување на службено лице за посредување со информации Бизнис академија Смилевски – БАС

**Член 1**

Со оваа одлука лицето Наташа Коцевска, МБА, се определува за службено лице за посредување со информации при остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Бизнис академија Смилевски – БАС, како имател на информации.

**Член 2**

Службеното лице за посредување со информации контактира и ги дава потребните информации од јавен карактер со кои располага Генералниот менаџер и Директорот на Академијата согласно листата на информации утврдена со Одлука бр. 0204-222/1 од 06.09.2017 година и им помага на барателите на информации, чување и давање на информации, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, друг закон и актите на Академијата.

Службеното лице за посредување со информации по добивањето на барањето формира предмет со сите релевантни податоци со предлог до Генералниот менаџер и/или Директорот да се даде целосна или делумна информација или да се одбие барањето за пристап до информации согласно член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 3**

Генералниот менаџер или директорот или по негово овластување заменик директорот соработуваат со службеното лице за посредување со информации заради создавање на услови за примена на одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 4**

Одлуката да се објави на интернет страницата на Академијата.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**в.д. Генерален менаџер**

**Виш пред. д-р Даниела Карадаков**